- На ден 11 и 12 мај 2025 година, учениците од прва година реализираа дводневна екскурзија на релација: Крива Паланка - Охрид-Крива Паланка (Маврови анови, манастирот Јован Бигорски, општина Вевчани, Плаошник, црквата Св.Канео, манстирот Св.Пантелејмон, Св.Наум Охридски, Битола - Широк сокак, Крушево - гробот на Тоше Проевски и соменикот Македониум).

Реализирани воспитно–образовни задачи и цели со оваа екскурзија се:

-поттикнување развој на самостојност кај учениците, социјализација и колективна заштита;

-почитување на традицијата и културното наследство на македонскиот народ;

-градење на чувство на толеранција и соживот

-едукација, другарување, рекреација.

- На ден 30 и 31 мај 2025 година, учениците од втора година реализираа дводневна екскурзија на релација: Крива Паланка - Дојран, Струмица - Крива Паланка (археолошки локалитет Стоби - Големата епископска базилика, Крстилницата, Цивилната базилика, Централната базилика и Синагога, Куќата на псалмите, Големата бања, посета на винарија Вила Марија, Демир Капија - музеј на вино, Дојран, Колешинските водопади, Струмица - манастирите Водоча и Вељуса, Радовиш - црквата Св.Тројца, Штип, Пробиштип и Кратово ).

Реализирани воспитно-образовни задачи и цели со оваа екскурзија се:

-поттикнување развој на самостојност кај учениците, социјализација и колективна заштита;

-почитување на традицијата и културното наследство на македонскиот народ;

-градење на чувство на толеранција и соживот;

-едукација, другарување, рекреација.

## 13. Извештај за работа на раководните,стручните и други органи и тела во училиштето

### Училишен одбор

Во текот научебната 2024/2025 година, Училишниот одбор одржа 10 состаноци и работеше во согласност на надлежностите дадениво Законот засредно образование и планирањатавопрограмата за работа. Разгледани се поголем број на различни прашања и донесени се одлуки во однос на истите, меѓу кои:

- Извештај за работата на училиштето за учебната 2023/2024 година
- Годишна програма за работа на училиштето за учебната 2024/2025 година
- Развојна програма за период 2024/28 година;
- Интерен правилник за носење на ученичките униформи
- Верификација на нови членови на Училишен одбор;
- Разгледување успех, редовност и поведение на учениците во првото тримесечје и првото полугодие од учебната 2024/2025 година;
- Предлог – одлука за редовен попис и формирање пописни комисии за попис на средства и извори на средства за крај на деловната 2024 година;
- Измена и дополнување на Планот за јавни набавки за 2024 година на Средното општинско училиште *Ѓорче Петров* Крива Паланка;
- Предлог за избор по објавен јавен оглас за пополнување работни места;
- Предлог - Годишен финансиски план за 2025 година за сметката 738010579790315 (буџетски корисник);
- Предлог - Годишен финансиски план за 2025 година за сметката 738010579778710 (сопствени приходи);
- Одлука за определување на висина на паричен износ на лица ангажирани со договор на дело
- Усвојување на Полугодишен извештај за работа на средното општинско училиште *Ѓорче Петров* Крива Паланка за учебната 2024-2025 година;
- Одлука за усвојување на Годишен план за јавни набавки во 2025 година;
- Предлог-одлука за одобрување на Програмата за реализација на екскурзија поврзана со теми и содржини од наставната програма за ученици од втора година

- Предлог-одлука за одобрување на Програмата за реализација на стручно истражувачка екскурзија за ученици од прва година
- Предлог-одлука за одобрување на Програмата за реализација на завршна екскурзија за ученици од трета година;
- Предлог-одлука за формирање комисија за прибирање понуди за реализација на стручно истражувачка екскурзија за ученици од прва и втора година
- Предлог-одлука за формирање комисија за прибирање понуди за реализација на завршна екскурзија за ученици од трета година
- Усвојување на извештај од извршен попис на средства и извори на средства на крајот на деловната 2024 година;
- Измена и дополнување на годишен финансиски план за 2025 година на средното општинско училиште *Ѓорче Петров* Крива Паланка, сметка :738010579778710
- Измена и дополнување на годишен план за јавни набавки за 2025 година на средното општинско училиште *Ѓорче Петров* Крива Паланка, сметка :738010579778710
- Одлука за именување на командант и членови на штабот за заштита и спасување средното општинско училиште *Ѓорче Петров* Крива Паланка,
- Одлука за поставување на должност на командири на просторни единици за заштита и спасување во средното општинско училиште *Ѓорче Петров* Крива Паланка,
- Одлука  за избор на најповолна понуда за реализација на екцкурзија за учениците од прва, втора и трета година;
- Одлука  за висината на благајничкиот максимум за 2025 година;
- Завршни сметки:  738010579790315 (буџетски корисник) и 738010579778710 (сопствени приходи) за 2024 година;
- Успех, редовност и поведение на учениците на трајот на третото тримесечје од учебната 2024-2025 година;
- Ребаланс на буџет за 2025 година на средното општинско училиште *Ѓорче Петров* Крива Паланка, сметка :738010579790315
- Предлог за избор по објавен оглас за пополнување на работни места
- Одлука за висината на подарокот за првенец на генерација 2021/2025 година во средното општинско училиште *Ѓорче Петров* Крива Паланка,
- Предлог-цени за превоз на ученици од и до училиштето за учебната 2025/2026 год

**Раководен тим**

Раководниот тим на училиштето ги реализираше задачите и активностите планирани во Годишната програма за работа на училиштето и Програмата за работа на директорот и помошник - директор и други тековни работи кои произлегоа од соработката со Локалната самоуправа, МОН, БРО, ЦСОО и пошироката општествена заедница. Работата на раководниот тим е евидентна преку овозможувањето и организирањето на наставниот процес и на воннаставните активности. Во текот на работата, директорот проследи голем број на наставни часови кај сите наставници вклучени во наставниот процес со цел следење на имплементирањето на активните наставни методи и ИКТ технологијата и други вештини и способности со кои наставниците се стекнаа во процесот на континуиран стручен развој и вршеше педагошко - инструктивни разговори со наставниците. Директорот ја следеше и учествуваше во целокупната работа во училиштето: воспитно-образовниот процес, техничко -материјалните услови за работа, кадровската политика, финансиската итн. Директорот зеде учество на повеќе состаноци организирани од МОН, Општина Крива Паланка, БРО, ЦСОО како и други институции (Европска Куќа,Црвен крст, НУ Центар за култура, невладини организации ЛЕАД, ТАКТ и др). Како член на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во општина Крива Паланка, учествуваше на повеќе работилници и состаноци. Директорот ги реализираше и активностите предвидени со оперативниот план, а дел од нив се:

- Организација и координација на работата со сите субјекти, учесници во наставно - образовниот процес;
- Следење на педагошката евиденција во текот на учебната 2024/25 година;
- Увид и упатства за водење педагошка евиденција;
- Планирање и организирање на наставата, истакнување на распоред за кабинетска настава, како и за додатна и дополнителна настава;
- Следење и евидентирање на работата на наставниците;
- Соработка со раководителите на паралелки;

- Соработка со стручните активи, планирање на настани;
- Формирање комисии за вонредни испити;
- Подготовка на документација и комисии за ученички екскурзии;
- Реализација на работни состаноци со претседателите на активите и членовите на стручната служба за евентуално согледување на одредени проблеми како и подобра информираност за работата и реализирање на активности по наставни подрачја;
- Увид во изведувањето и спроведувањето на дополнителни и вонредни испити;
- Прегледување на педагошка документација, е-дневник и сл.;
- Разработка на план и стратегија за распоредување на ученици во прва година;
- Распоред (планирање) на часови и наставен кадар;
- Учество на работни средби со Совет на родители, Училиштен одбор, Училишна Заедница;
- Анализа и планирање на финансиските средства за тековни и следни проекти за подобрување на условите за работа во училиштето;
- Организирање на работни средби со претставници на бизнис заедницата со цел да се зголемат можностите за дуално образование. Склучени Меморандуми за соработка со нови партнери БУЛМАК-2016 ДООЕЛ Пробиштип, ПО Рудбин Тораница, ДПТУ БЕН 22 КОНСТРАКШН ДОО увоз - извоз Куманово,ТП *Облаче ле бело* – Крива Паланка; МАРКОНИ-94 Горан- Куманово, АМИКАМИКА ДООЕЛ увоз-извоз Крива Паланка
- Континуирана соработка со наставниците и родителите во насока на почитување на Кодексите на училиштето и подобрување на успехот и редовноста на учениците;
- Подготовка за отпочнување на новата учебна 2024/2025 година - комплетирање на учебници за учениците заедно со библиотекарот, како и средување на документација за училишен превоз и списоци за осигурување на учениците;
- Континуирана соработка со стручната служба за надминување на проблеми при работа со проблематични ученици, како и консултација за ученици кои следат настава според ИОП;

- Секојдневно организирање на настава заради отсуства на предметни наставници;
- Соработка со основните училишта во градот, како и со Општината и други релевантни институции (Europe house, НУ Центар за култура, Црвен крст и сл.)
- Поддршка при организација на матурската прослава за матурантите и сликање за табло;
- Присуство и учество во Совети на години во текот на годината, како и на Наставнички совети и родителски средби;
- Учество во комисии за изработка на програми за екскурзии;
- Соработка со Училишна заедница и организирање на заеднички настани и проекти (соработка со ЛЕАД-проект Ко-менаџмент во склоп на училиштето);
- Учество во проектот SUDECU;
- Соработка со Бреинстер на натпреварот UltiMath;
- Продолжување со работа на новинарскиот клуб Тинтим во училиштето (самостојно од второ полугодие без поддршка од МИМ во рамки на проект на USAID *Младите размислуваат*);
- Поддршка во организација на Ораторска вечер;
- Поддршка и помош на УЗ;
- Учество на обуки во организација на училиштето, БРО, НАЕОПМ и сл.
- Организирање на кампања за подигнување на свеста за сајбер безбеднос во неделата на безбеден интернет;
- Одбележување на Светски ден на аутизмот;
- Соработка со универзитети од државата и промоција на нивните струдиски програми пред учениците од четврта година (Воена академија, Балкански унивзерзитет, Меѓународен Славјански универзитет, Бреинстер и др ).
- Посета на отворени часови;
- Поддршка и организација на Патрон празникот на училиштето;
- Изработка на кратко видео по повод Патрон празникот на училиштето;
- Организација на Отворени денови на училиштето;
- Организација на литературен конкурс под наслов *Во туѓи чевли;*

- Посета на основни училишта за промоција на подрачјата и струките што ги нуди нашето училиште на деветтоодделенците;
- Соработка со локални компании ;
- Организација и спроведување на матурите (државна и училишна) и завршен испит во јунски и августовски испитен рок.
- Изработка и илустрација на дигиталниот училиштен весник: Средношколска визија 3

**Стручни активи**

**Стручните активи** во текот на учебната година ги реализираа задачите и активностите планирани во Годишната програма. На 6 состаноци го разгледуваааи анализираа успехот и редовноста на учениците, предлагаа мерки за подобрување на истите, ги усогласуваа критериумите за оценување, соработуваа во изготвувањето на тестови за интерните испити од државната и училишната матура.

Раководителите на паралелките го следеа успехот, редовноста и дисциплината на учениците, соработуваа со Директорот, стручната служба и родителите.

На родителските средби родителите беа запознаени со условите за работа, Наставниот план и програма, распоредот за реализација на редовната настава и приемните денови на наставниците, успехот, редовноста и дисциплината на часовите и други тековни прашања како на пример:
Задолжувањето со бесплатни учебници, физичкото обезбедување, екскурзии, актуелните случувања во училиштето. Родителите преку родителските одбори, а и на самите родителски средби, беа вклучени во сите активности од целокупната воспитно-образовна работа на училиштето.

**Совет на родители**

**Советот на родители** одржа 5 состаноци во текот на оваа учебна година на кои го разгледуваше успехот, редовноста и поведението на учениците, понуди за осигурување на учениците, дискутираше по добиени информации за еднодневни и повеќедневни екскурзии на учениците, и др. Советот на родители соработуваше со директорот, наставниците и стручната служба, учествуваше во организација и реализација на воннаставни активности и со свои претставници учествуваше во работата на Училишниот одбор.

**Совет на паралелки**

**Советите на паралелки** реализираа 4 редовни состаноци, а во одредени паралелки според потребите се реализираа и повеќе состаноци на Совет на паралелка. Сите состаноци се евидентирани во е-дневникот на паралелката.На состаноците го разгледуваа успехот, редовноста и поведението на учениците, се изрекуваа педагошки мерки и сл. Советите на паралелките соработуваа со Советот на родители и предлагаа мерки за надминување на проблемите и предизвиците што ги носи со себе наставата и учењето.

**Наставнички совет**

**Наставничкиот совет** на училиштето како највисок стручен орган водеше грижа за целокупната воспитно-образовна работа во училиштето и одржа 17 состаноци. Членови на наставничкиот совет се сите вработени наставници и членовите на стручната служба. Со него раководеше директорот на училиштето.Тој е иницијатор на осовременување на наставниот процес, затоа се залага за примена на иновациите во наставата како и примена на активни методи, форми и средства кои го подобруваат квалитетот на наставата. Како највисок стручен орган, се ангажира во остварувањето на задачите што произлегуваат од општата програмска структура. Една од тие задачи секако е следењето на наставните и слободните ученички активности,

училишната заедница, јавната и кулурната дејност на училиштето, грижа за здравјето на учениците и др.

Значајно место на состаноците на наставничкиот совет се постигнатите успеси и поведението на учениците на крајот од учебната 2024/25 година. Од направената анализа на наставнички совет се согледува моменталната состојба на успехот и поведението на учениците и се предлагаат соодветни форми, методи и средства за нивно подобрување. Следејќи го успехот и поведението на учениците, Наставничкиот совет даваше предлози за наградување или опоменување на одредени ученици врз основа на соодветни правилници.

Наседниците на наставнички совет се предлагаа и содржини поврзани со реализација на додатната и дополнителната настава, слободните ученички активности, создавање позитивна клима во училиштето, усогласување на критериумот за оценување и вреднување на ученичките знаења и др.

**Стручна служба**

Стручната службаво текот на учебната 2024/25 учествуваше во следните активности:

Следењето на воспитно-образовната работа воучебната 2024/25 година беше реализирана преку соработка со раководниот тим на училиштето, стручните активи на наставниците, учениците односно сите педегошки субјекти, со цел успешно да биде планирана и реализирана редовната, дополнителната и додатната настава во училиштето, воннаставните активности и другите содржини програмирани од училиштето. Воспитно-образовната работа се следеше преку разговори со наставник - поединец, соработка со група наставници, соработка со наставници почетници во својата работа, посета на часови од прва до четврта година, како во гимназиското, така и во стручното образование, следење на реализација на практичната настава во стручното образование во училишни услови, посета на отворени часови на наставниците, проверка на водење на е-дневник на паралелките, организирање на поправните испити и испитите на година, упис на ученици во учебната 2024/25година, учество во планирањето и програмирањето на целокупната воспитно-образовна работа, учество воработатаво комисии и работа во стручни органи и тела, посета на часови и др. Заедно со директорот на училиштето и самостојно, стручните соработници реализираа

голем број индивидуални и групни советодавни разговори со учениции родители кои имаат слаб успехи се нередовни на часовите, дава стручна поддршка на учениците со емоционални потешкотии, потешкотии во развојот и на учениците од социјално загрозени семејства и соработуваа со пошироката општествена заедница. Во учебната 2024/25 година во програмско подрачје Советодавно-консултативна работа (работа со ученици, наставници и родители) беа реализирани :

- Стручни консултаци и со стручните активи околу реализација на нивните активности;
- Консултативна работа со наставници-приправници.
- Во текот учебната 2024/25 година во СОУ Ѓорче Петров - Крива Паланка се организирани и реализирани индивидуални и групни разговори за советување на родители и за советување на ученици. Советувани се вкупно 129 родители и тоа, за нередовност 37 советувања, за недолично однесување 59, за намален успех 20, како и остварени консултативни разговори 13. Направени се советувања со 412 ученици и тоа, со 60 ученици заномален успех, со 56 за нередовност на наставата, со 179 ученици за несоодветно/недолично однесување и 117 ученици за социо-емоционални потешкотии. Исто така, остварени се и 101 консултативен разговор. Стручната служба во текот на годината одржа 91 работилница и предавања на теми поврзани со актуелни прашања и проблеми за учениците од прва до четврта година и теми поврзани со Менталното здравје на учениците.
- Стручната служба води евиденција за сите разговори со оние ученици кои имаат повеќе слаби оценки, имаат поголем број на направени изостаноци во наставата и покажуваат асоцијално/антисоцијално однесување во училиште. Исто така, се води евиденција на сите разговори со родителите на послабите ученици, учениците кои се нередовни во наставата или покажуваат асоцијално/антисоцијално однесување во училиштето. Целтана таквите разговори е да се открие причината за слабите оценки и за големиот број на изостанувања од наставата, како и причините за несоодветното однесување во училиште и да се пронајде начин за подобрување на постигнувањата, намалување на нередовноста и подобрување на однесувањето. За истите во училиштето постои

педагошка евиденција и документација (покани, списоци за присуство како и записници од одржаните средби).

Во делот аналитичко-истражувачка работа од страна на стручната служба беа изготвени споредбени анализи на успехот на учениците, поведението иредовностанатримесечје, крајот на полугодието и крајот на учебната година, изработка на статистички извештаи, анкети и анализи, извештаи на барани податоци од Завод за статистика, Државен просветен инспекторат, ЈУ МЦСР, МОН итн.

**Училишна заедница**

Во текот на учебната 2024/25 година, Училишната заедница (УЗ) при СОУ „Ѓорче Петров" успешно ги реализираше планираните активности. Овој извештај е составен од заменик-претседателот Никола Митовски, кој ја водеше евиденцијата за сите активности и состаноци.

**Септември**

- На првиот состанок беше спроведен избор на раководството на УЗ. За претседател беше избрана Михаела Јанковска, а за заменик-претседател Никола Митовски. Учениците ги изнесоа своите очекувања и идеи за претстојните активности.

**Октомври**

- Вториот состанок беше посветен на изразување на ставовите и предлозите од учениците, кои активно дискутираа за предизвиците со кои се соочуваат, како и за можните решенија.

**Ноември**

- Третиот состанок беше фокусиран на разгледување на тековните иницијативи и подготовка на активностите за декември. Учениците повторно активно ги изнесуваа своите идеи и придонесоа со конструктивни предлози.

**Декември**

- На четвртиот состанок беа финализирани подготовките за одбележување на Денот на лицата со попреченост и новогодишниот хепенинг. Учениците ги изразија своите ставови за важноста на овие настани и предложија начини за

подобрување на организацијата.

- Работилница против булинг (15 и 16 октомври 2024):

Работилницата за учениците од прва година, насочена кон подигање на свеста за булинг, беше успешно спроведена од претседателот Михаела Јанковска и заменик-претседателот Никола Митовски. Работилницата резултираше со зголемена свест кај учениците за проблемот со булинг и можните начини за справување.

- Одбележување на Денот на лицата со попреченост (3 декември 2024):

УЗ организираше посета на Центарот за лица со посебни потреби, давајќи поддршка за корисниците, создавајќи емпатична и инклузивна атмосфера.

- Новогодишен хепенинг (30 декември 2024):

Во празничен дух, УЗ организираше новогодишна лотарија и музички квиз. Настанот привлече голем интерес и беше оценет како многу успешен од страна на учениците и наставниот кадар.

На секој одржан состанок учениците активно ги изнесуваа своите ставови, идеи и предлози, што придонесе за успешна реализација на сите активности. Работата на Училишната заедница во првото полугодие беше насочена кон поддршка на учениците, решавање на тековните проблеми и создавање на позитивна и инклузивна атмосфера. Плановите за следното полугодие вклучуваат нови иницијативи и уште поголема вклученост на учениците.

**Јануари**

- Планирање и утврдување на календар на активности за второто полугодие.

**Февруари**

- 14 февруари – Valentine’s Day и Св. Трифун

Размена на честитки и пораки во духот на љубовта и пријателството.

- Акција „Писмо до симпатијата“

Анонимно испраќање писма преку специјална кутија - предизвика интерес и позитивна атмосфера.

- 21 февруари - Меѓународен ден на мајчиниот јазик

Организирана литературна работилница и изложба со поговорки, мисли и песни на македонски јазик.

**Март**

- 8 март - Меѓународен ден на жената

Изработка на честитки и мали подароци за професорките и другите вработени жени во училиштето.

- Подготовки за 1 април - Ден на шегата

Одржани состаноци и размена на идеи за креативно и забавно одбележување на денот.

**Април**

- 1 април - Ден на шегата

Реализација на активност со учениците од другата смена (прва и трета година), кои креативно го одбележаа денот преку цртање маски на лицето. Денот беше исполнет со смеа и позитивна енергија.

- Подготовки за Патрон празник

Соработка со наставници и културно-уметнички секции, логистика и програма.

- Спортски ден

Реализирани спортски натпревари меѓу класови со цел поттикнување на спортскиот дух и тимска работа.

- Патрон празник на училиштето

Учество на учениците од УЗ во приредбата, организација на изложби и помош при реализација на целиот настан.

**Мај**

- Отворен ден за деветтоодделенци

Учениците од УЗ беа водичи низ училиштето, претставувајќи ги образовните профили, секции и училишниот дух на еден инспиративен начин.

## 14. Извештај за јавни набавки

| Предмет на договорот за јавна набавка | ЗПЈН | Вид на договор за јавна набавка | Вид на постапка | Проценета вредност | Очекуван старт |
|---|---|---|---|---|---|
| Набавка на екстра лесно масло за греење | 09000000-3 | Стоки | Поедноставена отворена постапка | 2.100.000,00 ден. | Септември |
| Набавка на училишен мебел | 39000000-2 | Стоки | Набавки од мала вредност | 600.000,00 ден. | Октомври |
| Набавка на наставно-образовни помагала, училишни материјали и надгледни средства | 30000000-9 | Стоки | Набавки од мала вредност | 550.000,00 ден. | Ноември |
| Сукцесивна набавка на прехрамбени продукти за практична настава на учениците од угостителско туристичка струка за 2025 година | 15000000-8 | Стоки | Набавки од мала вредност | 275.000,00 ден. | Февруари |
| Сукцесивна набавка на канцелариски материјали за 2025 година | 39000000-2 | Стоки | Набавки од мала вредност | 127.000,00 ден. | Февруари |
| Сукцесивна набавка на средства за хигиена за 2025 година | 24000000-4 | Стоки | Набавки од мала вредност | 118.000,00 ден. | Февруари |
| Сукцесивна набавка на екстра лесно масло за греење | 09000000-3 | Стоки | Поедноставена отворена постапка | 1.694.000,00 ден. | Февруари |
| Сукцесивна набавка на материјали за одржување и поправка за 2025 година | 44000000-0<br>31000000-6 | Стоки | Набавки од мала вредност | 118.000,00 ден. | Март |
| Набавка на печатени предмети и други сродни производи | 22000000-0 | Стоки | Набавки од мала вредност | 169.490,00 ден. | Март |

**15. Извештај од реализација на програмата за инклузија на ученици со посебни образовни потреби во учебната 2024/2025 година**

Во текот на учебната 2024/25 година се реализираше програма за инклузија за 4 ученици, од кои 1 со лесна интелкетуална попреченост и 1 со аутизам, (едно машко, едно девојче) на кои им беше изготвен ИОП по сите предмети и 2 со телесна попреченост, (од кои едното е машко, а другото девојче) на кои им беше изготвен ИОП само по предметот Спорт и спортски активности. Реализацијата на програмата за инклузија на учениците со посебни образовни потреби (ПОП) оваа година се одвиваше во неколку фази и тоа:

1. Идентификација на ученици со посебни образовни потреби;

На почетокот од учебната година беа идентификувани учениците со ПОП.

2. Разговор со родителите и барање за доставување на медицинска документација;

Беа повикани родителите на разговор преку кои училиштето беше запознаено со потребите на секој од учениците со ПОП и им беше побарана соодветна медицинска документација.

3. Запознавање на предметните наставници од страна на тимот за инклузија и изработка на индивидуални образовни планови за тие ученици;

По прибирањето на соодветната документација беа одржани Совети на паралелка каде учат овие ученици и наставниците беа задолжени да изготват ИОП за предметите каде е согледана потребата од него.

4. Следење на успехот, редовноста и поведението на учениците на крајот од секое тримесечје и советодавна работа со родителите на учениците и нивно запознавање со постигнатите резултати на учениците;

Во текот на учебната година од страна на инклузивниот тим беа следени постигањата на овие ученици, а наставниците беа соодветно насочувани во работата со учениците.

5. Изготвувањена годишен извештај од реализацијата на програмата за инклузија на ученици со посебни образовни потреби (ПОП);

На крајот од учебната година, до училиштето, инклузивниот тим достави извештај од работата.

## 16. Извештај за работата на ЕКО одбор и МИО тимот

Во текот на оваа учебна година ЕКО одборот при СОУ *Ѓорче Петров* КриваПаланка ги реализираше следниве активности:

1. Во текот на месец октомври во соработка со соработка со општина КриваПаланка во нашето училиште е поставен еко инструмент за мерење на квалитетот на амбиенталниот воздух.
2. Селекција на текстилен отпад на 11 април 2025 година - прва голема акција за собирање на текстилен отпад на подрачјето на Крива Паланка; Поставување на први садови за селекција на текстилен отпад; Едукативна кампања за најмалите во градинките основните и среднотоучилиште *Ѓорче Петров*; Акцијата беше во кординација со колективниот сертифициран постапувач-Тексомак;
3. На ден 23 април учениците и вработените од нашето училиште се приклучија на Акцијата за евидентирање и чистење на диви депонии иѓубришта по пријави на граѓани.
4. Учениците и наставниците од нашето училиште се вклучија воспроведување на големата еколошка акција со следните активности

-Чистење на училишниот двор, паркингот во училиштето и просторотоколу училиштето.

- Собирање на електронски отпад, на точно определено место.

-Собирање на пластични шишиња.

Од страна на Еко координаторот Марјан Ѓорѓиевски пред учениците беше презентирана програмата и целите на акцијата. Беа обезбедени потребните материјали (ракавици, вреќи, метли и гребла) и беа поделени на учениците.

Учениците беа поделени во тимови, од кои секој тим си имаше посебна задача,која во целост беше реализирана. Од учениците беше дискутирано и понудено решенија за чистење и собирање со отпадот. По завршување на акцијата учениците ги истакнаа своите впечатоци за акцијата, како и за нивната оптимална подршка за акцијата.

Целта на оваа акција беше активирање на учениците за чистење и складирање на отпад, како и подигање на свеста кај учениците за зачувување на животната средина. Учениците искуството од оваа акција можат да го споделат дома и во пошироката

заедница. Со ова кај учениците се поттикна нивниот ентузијазам за чиста и здрава животна средина.

5. Природните науки се важна алка во целокупниот воспитно-образовен процес и можност за подигање на свесноста кај учениците за квалитетна животна средина. Наставниците со релизација на наставните програми директно вилијаат во глобалната акција за спасување на планетата Земја. Учениците од СОУ„ Ѓорче Петров", ООУ„Хистијан Тодоровски – Карпош"- Ранковце ООУ„Илинден" Крива Паланка и ООУ„Јоаким Крчовски" Крива Паланка. Во текот на месец мај 2025 година беа дел од базарот на зеленивештини за позелена иднина во Europe House Крива Паланка на кој преку квизови за знаење, преку игра, дружба и експерименти ги демонстрираа последиците од загаденост на почвата, воздухот и водата.

Од нашето училиште земаа учество професорите Слаѓана В. Петковска и Марјан Ѓорѓиевски.

Во текот на годината, нашето училиште подржуваше активности како што се: засадување на садници на млади борови и цвеќиња, учество во акции за садење на дрвја, селкрирање на отпад, чистење на животната средина и поддршка на локални кампањи за зачувување на природата. Преку задолжителните ЕКО активности и содржини што се планирани и реализирани по секој наставен предмет и преку работата на ЕКО одборот се реализираа следните цели:

- Развивање на еколошка свест за здрава животна средина, разбирање на зборот *екологија*.
- Стекнување на знаења за економично -штедли во користење на се што ни дала природата.
- Учениците научија како може да се заштити природата од загадување и како да ја уредуваат и одржуваат здрава животната средина.
- Стекнување на знаења кај учениците за важноста на еко ситемите, климатските промени, обновливите извори на енергија и одржливото управување со природните ресурси.

Наставниците исто така во текот на учебната година реализираа Еко-содржини, кои им беа планирани во индивидуалните годишни и тематски програми. Дел од реализираните содржини се:

- Видови загадувања на околината;
- Обновливи извори на енергија;
- На работа со велосипед;
- Како да ги заштитиме загрозените видови (животни, растенија и инсекти);
- Светски ден на планетата земја;
- Да ја спасиме земјата;
- Селекција на отпад;
- Почитување на правилата за однесување во природа;
- Био-етика и екологија;
- Зелено претприемништво;
- Колку ја сакам природата;
- Изработка на проекти на теми од екологијата.
- Употреба на еколошки вештачки ѓубрива;
- Енергија, примена на фото-ефект;
- Ефектите на ГМО врз здравјето на луѓето и околината;
- Влијанието на отпадниот материјал врз животната средина и можните последици врз човековото здравје;
- Влијанието на средината во адаптацијата на живите организми;
- Влијанието на животната средина врз живите организми.

Во текот на учебната година, целите и активностите планирани од МОИ тимот беа реализирани преку:

Задолжителните МИО активности и содржини што се планирани и реализирани по секој наставен предмет како учениците стекнуваа знаења и создаваа вештини за прифаќање на мултикултурализмот и меѓуетничката интеграција. Наставниците во текот на учебната година реализираа Мио-содржини, кои им беа планирани во индивидуалните годишни програми. Дел од тие содржини се:

- Културна размена преку традиционални јадења и обичаи;
- Двојазична презентација на содржини од обласа на хемијата;
- Раствори-решавање задачи од МИО активности;
- Структурна карактеристика на населението;
- Разлика во исхраната во нашето мултикултурно општество;
- Циркумација (сунет)  -потреба или религиска предрасуда;
- Врска меѓу исхраната и промената на крвниот притисок;
- Етнички групи и етничка интеграција;
- Крушевска република;
- Албанија по Втора Светска војна;
- Илинденско востание;
- Учество на албанците во НОБ;
- Втора Светска војна;
- Одржување на културните споменици.
- Анализа на музичко дело на турски автор

## 17. Соработка на училиштето со локални и државни институции

### Соработка со Центарот за јавно здравје

Во реализација на содржините од подрачјето за заштита и унапредување на здравјето на учениците, беа реализирани систематски прегледи за учениците од прва година, четврта и трета-завршните години, редовна вакцинација на учениците од четврта и завршните години, санитарен преглед за учениците од угостителско-туристичката струка, санитарен преглед на вработените во училиштето, а во мај се реализираше задолжителниот систематски преглед на сите вработени.

На крајот на првото полугодие и пред почетокот на нова учебна година во училиштето задожително се прави дезинсекција, дезинфекција и деритизација на училниците и другите простории.

### Соработка со владини и невладини организации (МОН, БРО, ЦСОО, ДИЦ, МВР, МТСП и др.)

И оваа учебна година училиштето оствари целосна соработката со МОН, БРО, ЦСОО, ДПИ и ДИЦ за континуирано и непречено одвивање на наставниот процес, додека со МВР, ИЗЈ, МТСП, ДЗС и други институции се оствари меѓусебна соработка во споделување на извештаи, презентации и други важни информации.

### Соработка со Локалната самоуправа

Соработката на СОУ *Ѓорче Петров* со Локалната самоуправа и нејзините тела и институици и, се одвиваше континуирано во текот на целата учебна година. Меѓу нашето училиште и локалната самоуправа беа проследени и разменети многу извештаи, податоци и други информации.

- Учество на манифестации во одбележување на празници и настани организирани од Општината.
- Учество во форумски сесии.
- Редовни состаноци и координации на Тимот за безбедност.

**Соработка со Европска куќа-Крива Паланка**

Нашето училиште во текот на ова учебна година оствари богата соработка со Европска куќа, за одбележување на голем број настани и денови. Истите се објавени на web- страната и facebook профилот на училиштето.

Преку многубројни дебати, дискусии и работилници, учениците го споделуваа своето мислење за предизвиците со кои секојдневно се соочуваат на општествени, културни и многу други значајни теми.

**Соработка со Црвен крст**

Соработката со Црвениот Крст училиштето ја реализира со организирана крводарителска акција, реализирани се предавања за ППЗ и организиран е натпревар по Прва помош.

**18. Извештај за Безбедност во училиштето**

Сите субјекти вклучени во воспитно-образовниот систем се чувствуваат безбедно и сигурно во училиштето благодарение на тоа што училиштето има донесено и усвоено план и програма за заштита и спасување при случај на елементарни непогоди и други видови на загрозување на учениците и вработените.

Целокупниот простор во училиштето е покриен со видео надзор. Поставени се противпожарни апарати на видни места во училиштето на кои се прават проверки од овластени лица секоја година. Од училиштето има оспособени лица во двете смени кои се задолжени за користење на истите. Направени се проверки од страна на ТИ на електричната и громобранската инсталација и за состојбата е доставен извештај до училиштето. Дежурствата на наставници како и на техничкиот персонал е на високо ниво. Дежураат и ученици во секоја смена и ги евидентираат сите лица кои влегуваат во училиштето.

По потреба училиштето соработува и со Полициската станица во Крива Паланка преку едукативни презентации и работилници за спроведување на кампањи за безбедност на учениците. Планот за безбедно движење при евакуација е ставен како прилог на програмата и во секоја училница и канцеларија.

Во текот на второто полугодие, со дел од учениците, беше разговарано за постапките за евакуација за време на кризни ситуации, а на Наставничкиот совет, наставниот кадар беше потсетен со Планските документации за заштита и спасување, како и планот за заштита од пожари.

## 19. Заклучок

Сумирајќи го горенаведеното може да се констатира дека:

1. Училиштето располага со оптимален број на човечки ресурси за работа кои одговараат на воспитно-образовните потреби на учениците;
2. Материјално-технички ресурси постојано се обновуваат, се врши замена на оштетените со нови и се следат современите текови на воспитно-образовниот процес и според нив се врши набавка на нагледни средства и помагала;
3. Училиштето во својата работа се води според еко-стандардите, хигиената е на високо ниво и континуирано се одржува хортикултурното уредување на училишниот двор;
4. Училиштето јавно и транспарентно ја извршува својата работа и секое случување во училиштето е објавено на web- странатаи facebook профилот на училиштето;
5. Училиштето спроведува успешна училишна политика на помасовно вклучување на учениците во воннаставните и ненаставните активности и го поттикнува нивниот професионален, личен и социјален развој;
6. Од анализата на успехот и редовноста на учениците се забележува дека има зголемување на бројот на изостанувања и просечниот број на изостаноци, на кое што училиштето треба да работи за да се подобри редовноста;
7. Училиштето во иднина треба да работи во подобрување на интерперсоналните односи меѓу учениците и наставниците, кои треба да бидат засновани на меѓусебно почитување, разбирање и соработка, со посебен акцент на учениците од социјално загрозени семејства;
8. Училиштето во иднина треба да ги поттикнува активностите за мултикултурализмот и меѓуетничката интеграција во образованието, планирани во стратегијата за МИО;
9. Професионалниот развој на наставниците и стручните соработници во иднина да биде насочен кон ученикот и неговите емоционални, социјални и психолошки карактеристики и потреби.
10. Тимот за инклузија по согледување на резултатите во работата на учениците со посебни потреби заклучи дека на овие ученици им се потребни образовни асистенти заради нивно подобро воспитание и едукација.

Тим во изработка на Годишен извештај:

1. Славка Величковска-педагог
2. Гордана Стојковска-социолог
3. Елена Трајчевска-наставник
4. Стефани Георгиевска-наставник
5. Борјан Стојчевски-наставник

Директор:

м.п.

Елена Ѓорѓиевска

________________________

Претседател на Училишен одбор

Гордан Стојановски

_______________________________